**Годишен извештај за работењето на**
**Советот за унапредување и надзор на ревизијата на**
**Република Македонија за 2018 година**

Скопје, март 2019 година

## Содржина


1. Основање....................................................3

2. Мисија....................................................3

3. Визија....................................................3

4. Состав на Советот во 2018 година....................................................3

5. Надлежности на Советот....................................................4

6. Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2018 година..............5

6.1 Лиценцирање....................................................5

6.2 Учество на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Советот во работниот тим за изработка на предлози за измена и дополнување на Законот за ревизија....................................................5

7. Соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија..............6

7.1 Одржани работни средби со членките на Институтот....................................................7

7.2 Учество на КПУ....................................................8

7.3 Дадени согласности на актите на Институтот....................................................8

7.4 Проверка на извештаите за транспарентност....................................................9

8. Меѓународна активност на Советот....................................................9

8.1 Меморандуми за соработка....................................................11

8.2 Репарис проект....................................................12

8.3 Прва Конференција на Советот....................................................14

8.4 Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план.....15

9. Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2018 година......16

*1. Основање*

Заради унапредување и надзор на ревизијата, Владата на Република Македонија, на предлог на министерот за финансии основаше Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: Советот) како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18).

*2. Мисија*

Советот има за цел преку стручни анализи, препораки, советувања и вршење независен јавен надзор на ревизија, да работи во насока на нејзино унапредување, поттикнување и придржување кон високите професионални стандарди во ревизорската професија, со цел да се зголеми довербата и транспарентноста во податоците и информациите искажани во финансиските извештаи на деловните ентитети, а со тоа да се минимизираат потенцијалните ризици со што се влијае кон подобрување на целокупната бизнис клима во Република Македонија.

*3. Визија*

Визијата на Советот е унапредување и обезбедување висококвалитетен, професионален, независен и ефикасен надзор на ревизијата во Република Македонија.

*4. Состав на Советот во 2018 година*

Мандатот на членовите на Советот е пет години, со можност за повторен избор за уште еден мандат. Во текот на 2018 година Советот работеше во следниот состав:

1. Премтим Исени - Претседател на Советот;
2. Илија Андовски - в.д. член, претставник од Народната Банка на Република Македонија;
3. Дарко Блажевски - в.д. член, претставник од Агенцијата за супервизија на осигурување;
4. Анета Трајановска - в.д. член, претставник од Комисијата за хартии од вредност;
5. Николаки Миов - в.д. член, претставник од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија;
6. Зорица Божиновска – Лазаревска - в.д. член, претставник од Институтот на овластени ревизори на Република Македонија; и
7. Благој Христов - член, претставник на големите стопански субјекти.

*5. Надлежности на Советот*

Согласно со членот 8 од Законот за ревизија, Советот ги извршува следниве работи:

- донесува статут, деловник за работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај;
- донесува Тарифник за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштва за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец;
- издава и одзема лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец врз основа на правила и постапки пропишани од Советот;
- иницира контрола на друштвата за ревизија, овластените ревизори - трговци поединци и на овластените ревизори од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ);
- дава согласност на Статутот и другите акти на ИОРРМ, ја следи нивната примена и му предлага на ИОРРМ нивно изменување и дополнување;
- го следи спроведувањето на годишната и тригодишната програма за контрола преку извештаите добиени согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија и преку учество во комисијата на ИОРРМ надлежна за контрола;
- го следи спроведувањето на годишните програми за полагање испит и за континуирано професионално усовршување на ИОРРМ;
- ја следи постапката што ја спроведува ИОРРМ за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;
- врши надзор над ИОРРМ;
- изрекува мерки на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори трговци - поединци, согласно со Законот за ревизија и го пропишува начинот на утврдување на мерките;
- дава насоки на ИОРРМ за прашања за кои е надлежен согласно со Законот за ревизија;
- ги проверува извештаите за транспарентност согласно со членот 35 од Законот за ревизија;
- ја следи примената на одредбите од Законот за ревизија и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите;
- воспоставува соработка со домашни, странски и меѓународни институции;
- донесува процедури за соработка и размена на податоци со ИОРРМ;
- донесува годишен план за вработување на државни службеници;
- донесува годишен план на обуки за сите вработени;
- одлучува за други прашања за вработените; и
- врши други работи утврдени со закон и Статутот на Советот.

Советот е колективен орган кој работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

## *6. Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2018 година*

Во текот на извештајната година Советот ги реализира планираните активности во Годишната програма за 2018 година.

Советот одржа вкупно 18 (осумнаесет) седници од кои 12 (дванаесет) редовни и 6 (шест) електронски седници. На седниците се донесени мислења, одлуки и решенија по однос на работата на ИОРРМ и неговите членки.

### *6.1 Лиценцирање*

Во текот на 2018 година Советот согласно член 8 став (1) точка 3), а во врска со член 23, 24 и 25 од Законот за ревизија има издадено 8 лиценци за овластени ревизори, додека за лиценци на друштва за ревизија и лиценца на овластен ревизор - трговец поединец во текот на годината не е поднесено ниту едно барање. Исто така, одземени се две лиценци на овластен ревизор – трговец поединец по нивно барање, односно по барање на управителите поради заминување во пензија и две лиценци на овластен ревизор по нивно барање.

За постојано ажурирање на регистрите на физичките и правните лица кои вршат ревизија, Советот во континуитет го известуваше ИОРРМ за секое ново лиценцирање, поради нивната законска обврска за ажурирање на Регистрите на физичките и правните лица кои вршат ревизија.

### *6.2 Учество на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Советот во работниот тим за изработка на предлози за измена и дополнување на Законот за ревизија*

На 18.01.2018 година во просториите на Министерството за финансии се одржа работна средба на која присуствуваа: Претседателот на Советот Премтим Исени, в.д членот на Советот Дарко Блажевски и дел од вработените во стручната служба на Советот, претседателот на ИОРРМ Борислав Атанасовски и членови на Управниот одбор на ИОРРМ, како и претставници на Министерството за финансии. Средбата беше во функција на разгледување на предлог измените и дополнувањата на Законот за ревизија, односно изнаоѓање на најсоодветни заеднички решенија по однос на одредени одредби од постојниот Закон за ревизија кои во изминатиот период беа делумно или целосни неприменливи. Претставниците на Советот и претставниците на ИОРРМ дадоа конкретни забелешки и предлози по доставениот предлог за изменување и дополнување на Законот за ревизија. Бидејќи секој предлог беше соодветно аргументиран, а со цел за изнаоѓање најсоодветно решение претставниците на Министерството за финансии некои од предлозите ги прифатија. Ваквите средби беа оценети како доста конструктивни поради што беше договорено во иднина за секое прашање кое е од интерес за развојот и унапредувањето на професијата истите да бидат разгледувани на заедничко организирани работни средби.

По барање на претседателот на Советот, Премтим Исени, на 07.06.2018 година во Министерството за финансии се одржа работна средба со министерот за финансии на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски. На средбата присуствуваше Координаторот на стручната служба на Советот и раководителот на секторот за финансиски системи при Министерството за финансии. Целта на оваа работна средба беше запознавање на министерот со активностите на Советот, мисијата и визијата на Советот во унапредувањето на професијата и отпочнатите активности за зачленување во меѓународни тела во наредните години. Од особено значење беа истакнати активностите што ги презема Советот за членство во ИФИАР (IFIAR) како и бенефитите од истото, пред се зголемената комуникација на Советот со сродни регулаторни тела и можност за вклучување во заеднички проекти. Министерот за финансии беше запознаен со проблемите и предизвиците со кои се соочуваат при работењето физичките и правните лица кои вршат работи на ревизија, значењето на Советот во подобрување на квалитетот на финансиското известување и потребата од интензивирање на соработката на министерството за финансии и Советот при изготвувањето на новиот Закон за ревизија.

## *7. Соработка со Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ)*

Една од позначајните активности на Советот во текот на годината беше зајакнувањето на соработката со ИОРРМ, преку континуирано двонасочно информирање за состојбите и проблемите со кои се соочуваат правните и физичките лица кои вршат ревизија и изнаоѓање на заеднички решенија за надминување на истите. На средбите посебен акцент беше даден на неопходноста од заеднички пристап за надминување на проблемите со кои се срекаваат двете институции, поради делумно или целосно неприменливи одредби од Законот за ревизија како на пример одредбите кои го закочија процесот на спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор и вршењето на контролата на квалитет на правните лица кои вршат ревизија од страна на контролорите на ИОРРМ. Со донесените измени на Законот за ревизија во месец мај со кои се предвиде одложена примена на одредбите од Законот за ревизија донесен во 2014 година, се овозможи продолжување на процесот на полагање на испитот за стекнување на звање овластен ревизор на заинтересираните кандидати. Исто така се овозможи вршењето на контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци од страна на ИОРРМ. На работните средби се презентираа видувања за воочените проблеми со кои се соочува ревизорската фела при своето работење по што произлегоа и конкретни предлози со цел да се зајакне квалитетот на ревизијата и надзорот на нивното работење.

На 19.11.2018 година, во просториите на ИОРРМ, се одржа работна средба. На средбата присуствуваа: претседателот на Советот, Премтим Исени, претседателот на ИОРРМ, Драган Димитров, членот на Советот, проф. др. Зорица Божиновска Лазаревска, Координаторот на стручната служба на Советот и Генералниот секретар на ИОРРМ. Работната средба беше одржана со цел да се интензивираат активностите помеѓу Советот и ИОРРМ во делот на учеството на нивни претставници на настани кои се во организација како на

Советот така и на ИОРРМ. На средбата беа наведени и конкретни предлози и мислења за унапредување  и развој на ревизијата, како и отворени прашања кои Советот и ИОРРМ треба заеднички да ги разрешат, а се од суштинско значење за професијата, детектирани од физичките и правните лица кои вршат работи на ревизија.

### *7.1 Одржани работни средби со членките на Институтот*

Претседателот на Советот и Координаторот на стручната  служба  на Советот на 04.05.2018 година одржаа работен состанок со претставници на големата четворка од Република Македонија. На средбата присуствуваа: Љубе Ѓорѓиески од ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА  ДОО СКОПЈЕ, Лидија Нануш од ДИЛОИТ ДОО СКОПЈЕ и  Гордана Никушева и Срѓан Рангеловиќ од КПМГ Македонија ДОО СКОПЈЕ. Целта на работниот состанок беше запознавање со претставниците на големите друштва за ревизија, детектирање на проблемите со кои се соочуваат при работењето, како и да се чујат нивните мислења, предлози и сугестии за подобрување и развој на ревизорската професија. Притоа беше остварен договор во иднина да постои двонасочно информирање и иницирање на предлози кои се од суштинска природа за подобрување на работата на физичките и правните лица кои вршат работи на ревизијата во Република Македонија како и активностите кои требат да бидат превземени при вршењето надзор на нивното работење. Претседателот на Советот,, Премтим Исени и Координаторот на стручната служба на Советот, на 22.05.2018 година одржаа работен состанок со дел на претставници на друштва за ревизија – членки на меѓународни ревизорски мрежи. На средбата присуствуваа: Антонио Велјанов од Мур Сивенс, Ружица Филипчева од Грант Тортон, Димитар Андоновски од Аудит - Македонија, Љубица Јоанидис од Бејкертили и Драган Димитров од БДО. Претставниците на друштвата за ревизија го поздравија новиот начин на работа на Советот, отвореноста за соработка со правните лица кои вршат работи на ревизија, како и транспарентноста  во работењето на Советот. Исто така беа презентирани конкретни предлози и мислења за унапредување и развој  на ревизорската професија и се отворија одреден број прашања кои во иднина треба заеднички практичарите и Советот како регулатор да ги разрешат. На средбата посебен акцент претседателот на Советот даде на потребата присутните да ги презентираат очекувањата од Советот, со цел да се надминат проблемите со кои се соочуваат во нивното работење. Претседателот на Советот, Премтим Исени и Координаторот на Стручната служба на Советот на 28.05.2018 година, одржаа и работна средба со претставникот на  друштвото  за ревизија Владимир Соколовски од ЕРНЕСТ И ЈАНГ (дел од Големата четворка) од Република Македонија и претставниците на друштвата за ревизија – членки на меѓународни ревизорски мрежи Стојан Јорданов од РСМ и Дарко Калин од АБА. Работната средба претставуваше заокружување на предвидените работни средби со претставниците на Големата четворка од Република Македонија и претставниците на друштвата за ревизија – членки на меѓународни ревизорски мрежи. На средбата претставниците на друштвата за ревизија ги презентираа проблемите при работењето, нивните конкретни предлози за подобрување и развој на ревизорската професија, како и нивните очекувања од Советот во однос на  иницијативите за промена на одредена законска регулатива.

## *7.2 Учество на КПУ*

Во рамките на реализација на Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2018 година, Координаторот на стручната служба со соработници од стручната служба на Советот присуствуваа на последниот циклус на часови за 2018 година во организација на Иститутот на овластени ревизори на Република Македонија. Истата се одржа на 28, 29 и 30 ноември 2018 година во Холидеј Ин – Скопје.

Во тридневната обука беа опфатени и разработени следните теми:

1. МСФИ 16 - Наеми,
2. Предизвици во супервизијата на друштвата за осигурување,
4. Дигитализација и ревизија,
5. Актуелни прашања во ревизијата од аспект на регулаторните тела и други релевантни институции - Панел дискусија со претставници на следните регулаторни тела: НБРМ, КХВ, АСО, МБ и ЦРРМ.
6. Како автоматизираниот процес може да помогне за подобрување на процесот на ревизија?.

Претставникот на АСО, д-р Дарко Блажевски кој е в.д. член на Советот имаше сеопфатна презентација на измените на Законот за супервизија на осигурување и на новите подзаконски акти на Агенцијата на супервизија на осигурувањето.

Исто така, на Панел дискусијата со претставниците на регулаторните тела, в.д. членот на Советот, д-р Илија Андовски, претставник на НБРМ, предизвика особено внимание со своето излагање.

## *7.3 Дадени согласности на актите на Институтот*

Во текот на 2018 година, Советот даде согласност на следните акти на ИОРРМ:

1. Годишна програма за работа на ИОРРМ за 2018 година;
2. Годишен извештај за работата на ИОРРМ за 2017 година;
3. Програмата за полагање на испитот за стекнување на звањето ревизор;
4. Правилник за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на члeновите на ИОРРМ;
5. Одлука за измена на Статутот на ИОРРМ;
6. Одлука за измена на Тарифникот за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува ИОРРМ;
7. Правилникот за начинот и постапката на контрола на квалитетот на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци;
8. Одлука за измена и дополнување на Правилникот за начинот и постапката на полагање на испитот за стекнување на звање ревизор;
9. Програмата за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор;
10. Правилникот за содржината за Регистарот на ревизори, Регистарот на овластени ревизори, Регистарот на друштвата за ревизија, Регистарот на

овластени ревизори – трговци поединци и Регистарот на трајно одземени лиценци;

11. Програма за обука на овластените ревизори кои ќе спроведуваат контрола;

12. Годишната и тригодишната програма за работа на комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги на ИОРРМ; и

13. Годишниот извештај за наодите од извршените контроли за 2017 година.

### *7.4 Проверка на извештаите за транспарентност*

Како една од основните задачи на Советот е проверката на извештаите за транспарентност кои што согласно Законот за ревизија друштвата за ревизија се должни да ги објавуваат на годишна основа. Стручната служба на Советот согласно Упатството за проверка на извештаите за транспарентност ги проверува извештаите за транспарентност и подготвува Годишен извештај кој се доставува на разгледување од страна на Советот. Врз основа на извршената проверка на извештаите за транспарентност, Советот врши анализа на поставеноста на внатрешниот систем за контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, го утврдува вкупниот број на вработени кај нив, го утврдува вкупниот приход кој го оствариле друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци во 2017 година, расчленет на четири категории. Посебен акцент во проверката на извештаите за транспарентност е ставен на анализата на вкупните приходи на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци. Анализата покажа дека на пазарот за ревизија во Република Македонија доминираат странските ревизорски мрежи. Тоа значи дека постои доволно странска и професионална експертиза при вршењето на ревизија во Република Македонија. Исто така, анализата покажа дека постои висока корелација помеѓу ревизорските услуги и не ревизорските услуги кои друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци ги нудат и обезбедуваат на пазарот во Република Македонија. Во Република Македонија се застапени 10 странски ревизорски мрежи. Во овие ревизорски мрежи членуваат само друштва за ревизија. Не постојат овластени ревизори – трговци поединци кои се дел од некоја странска ревизорска мрежа. Вкупниот приход на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци бележи пораст, на сметка на приходот од ревизија кој се намалува.

## *8. Меѓународна активност на Советот*

Во текот на 2018 година, Советот презеде бројни активности и иницијативи за воспоставување на соработка со домашни и странски органи, тела и институции од областа на ревизијата. Овие иницијативи на Советот беа преземени во насока на унапредување на ревизорската професија и подобрување на квалитетот на ревизорските услуги во Република Македонија.

На покана на Меѓународниот Форум на Независни Регулатор на ревизија – ИФИАР (International forum of Independent Audit Regulators - IFIAR) за учество на годишниот ИФИАР 2018 Пленарна седница – Средба со ИФИАР соработници (IFIAR 2018 Plenary meeting – Meeting with the IFIAR Officers), а на

предлог на Претседателот на Советот членот на Советот, проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска и Координаторот на стручната служба на Советот учествуваа на настанот кој се одржа од 16 до 20 април 2018 година во Отава, Канада. Во текот на 2015 година на иницијатива на членовите на Советот беше отпочната постапката на аплицирање за полноправно членство на Советот во ИФИАР (IFIAR). Поканата од страна на ИФИАР (IFIAR) меѓу другото имаше за цел разговор околу статусот на апликацијата и динамиката на понатамошните активности.

Од страна на претседателот на ИФИАР (IFIAR) Брајан Хант и извршниот директор Карил Ренер беше организирана посебна средба со членот на Советот и Координаторот на стручната служба на Советот од Република Македонија. Во текот на состанокот се водеше дискусија за текот на постапката за оценка на апликацијата на Советот за унапредување и развој на ревизијата на Република Македонија, со посебен осврт на третманот на контролата на квалитет, капацитетот на телото за трансфер на контролата на квалитет и инспекција од ИОРРМ, составот и надлежностите на телото и стручната служба и сл. Состанокот се водеше и заврши во позитивна атмосфера со ветување дека во текот на следните три до четири недели ќе биде разгледана ажурираната верзија од апликацијата на Советот (надополнета со бараните информации од страна на ИФИАР (IFIAR)), а за исходот од евалуацијата ќе бидеме благовремено известени. Согласно програмата ИФИАР 2018 Пленарна седницата (IFIAR 2018 PLENARY MEETING) започна со обраќање на претставниците на ИФИАР (IFIAR), по што продолжи панелот за Прашања и одговори, Иновативни овозможувачи: Иновација и промена на деловното окружување (Q&A Disruptive Enablers: Innovation and the Changing Business Environment). По воведниот, следеше панел со дебата помеѓу претставниците на надзорните тела полноправни членови на ИФИАР со највисоките претставници од Големата четворка (КПМГ, Делоит, ПВЦ и ЕЈ (KPMG, Deloitte, PWC и EY)) и од меѓународни фирми кои не се членки на Големата четворка (БДО и Гранд Торнтон (BDO и Grant Thornton)). На панелот се дискутираше за предизвиците со кои се соочуваат ревизорите, клучните ризици во нивното работење, концентрација на ентитетите од јавен интерес и конкуренцијата на пазарот, визијата за развојот на секоја од ревизорските фирми во следните 5 до 10 години во контекст на глобализацијата и автоматизацијата, квалитет на ревизијата и културата во ревизорската фирма (Тонот на врвот (Tone on the top)). Посебен панел беше предвиден за дебата помеѓу учесниците од надзорните тела членки на ИФИАР (IFIAR) со Ричард Флек од Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители (IESBA) и Арнолд Шилдер од Одборот на меѓународи стандарди на ревизија и уверувања (IAASB) - претставници од одборите на Меѓународната федерација на сметководители (IFAC) задолжени за креирање на стандарди од областа на ревизијата и етичкото однесување на ревизорите. Прашањата беа фокусирани на промените во МСР 540 и нивната примена во практиката, на појаснување на причините зошто објавувањето на новите стандарди од страна на Одборот на меѓународи стандарди на ревизија и уверувања (IAASB) трае предолго, на изводливоста на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители (IESBA) да осмисли и донесе глобален и ефикасен стандард за етичко однесување. Во рамките на ИФИАР 2018 Пленарна седница (IFIAR 2018 Plenary Meeting) претставниците на Советот имаа можност да разговараат со претставниците на надзорните тела од земјите членки на ЕУ и пошироко. Како исклучително

значајни се издвојуваат контактите воспоставени со надзорните тела од Обединетото кралство, САД, Канада, Полска, Норвешка, Финска, Турција, Бугарија, Грција, Словенија, Данска, Франција, Германија, Русија и др. Во разговорите со претставниците на надзорните тела беше истакната подготвеноста на Советот за унапредување и надзор на ревизијата за формализирање на соработката (со оние тела со кои Советот нема потпишано меморандум за соработка), учество во заеднички проекти за градење на капацитет, организирање на заеднички настани поврзани со обука, конференции и слични форми за трансфер на знаења и искуства. ИФИАР 2018 Пленарна седница (IFIAR 2018 Plenary Meeting) заврши со панел во кој дискусијата се водеше со претставници од телата со статус на набљудувачи од типот на: Базелска комисија за банкарска супервизија (Basel Committee on Banking Supervision), Европска Комисија (European Commission), Форум за финансиска стабилност (Financial Stability Forum), Меѓународна асоцијација на супервизори за осигурување (International Association of Insurance Supervisors), Меѓународна асоцијација на Комисии за хартии од вредност (International Organization of Securities Commissions), Светска Банка (World Bank) и Одбор за надзор на јавен интерес (Public Interest Oversight Board). Во рамките на дебатата беше ставен акцент на реформите во ревизорската професија во контекст на новата ЕУ директива поврзана со законската ревизија и перцепциите и очекувањата на овие тела од ревизорската професија.

### *8.1.Меморандуми за соработка*

Во текот на 2018 година, Советот беа потпишани следните меморандуми за соработка:

На 12.09.2018 година е потпишан Меморандум за соработка помеѓу Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија и Стопанската комора на Северо-Западна Македонија. Меморандумот го потпишаа претседателот на Советот, Премтим Исени и извршниот директор на Комората, Дрилјон Исени. Склучувањето на Меморандумот за соработка со Стопанската комора на Северо - Западна Македонија претставува продолжување на едногодишните интензивни активности на Советот за воспоставување на соработка со домашните и странските тела и институции заради унапредување на ревизорската професија, развој на економијата во Република Македонија и подобрување на целокупната бизнис клима во земјата.Потписниците на Меморандумот истакнаа дека само со квалитетна ревизија ќе бидат заштитени интересите на домашните и странските инвеститори, банкарите и пошироката јавност, бидејќи одлуките за инвестирање и финансирање трговските субјекти ги носат пред се врз основа на анализата на нивните финансиски извештаи. Со потпишувањето на овој Меморандум се очекува да се унапреди соработка помеѓу Советот и Комората во делот на размена на информации и податоци, организирање на меѓусебни обуки и размена на искуства, а со цел проширување на пазарот на ревизорски услуги и развој на ревизорската професија во Република Македонија.

На 17.09.2018 година во Хотел „Стоун Бриџ„ - Скопје, претседателот на Советот, Премтим Исени и претседателот на Здружението на овластени

сметководители и ревизори на Република Косово, Ардијана Гаши, потпишаа Меморандум за соработка. На потпишувањето на Меморандумот за соработка присуствуваа сите членови на Советот, вработените во стручната служба на Советот и членовите на Управниот одбор на Здружението на Косово. По обраќањето на двајцата претседатели на сродните регулаторни тела, следеа презентации за надлежностите и работата на телата. Координаторот на стручната служба на Советот одржа презентација на тема "Историски развој на ревизијата во Република Македонија во периодот од 1997 година до денес", со посебен осврт на основањето и развојот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија. "Идните предизвици за унапредување и развој на ревизорската професија" беше тема на која членот на Советот, Николаки Минов одржа презентација. Тој истакна дека ревизорите во Република Македонија се соочуваат со брзо темпо на промени кај моделите на деловни потфати во сите профитни и непрофитни дејности, а влијанието на технологиите стануваат основа а не поддршка на работењето во регулативата која постојано се зголемува. Како најзначаен предизвик пред професијата во нашата земја тој го истакна усогласувањето со ЕУ директивата, 2014/56 и ажурирањето на ревизорските стандарди кај нас. Извршниот директор на Здружението на овластени сметководители и ревизори на Косово, Адријана Буњаку, ја презентираше надлежноста и делокругот на работа на Здружението, како и начинот и опфатот на институциите со кои соработуваат. Во презентацијата посебен акцент беше даден на проектите кои ги имаат добиено од повеќе донатори, кои им помогнале во јакнењето на капацитетите на Здружението.

На 27.11.2018 година кога се одржуваше Министерската конференција во Виена, Австрија, претседателот на Советот, Премтим Исени, државниот секретар во Министерството за финансии на Црна Гора, Нина Вујошевиќ и претседателот на Советот за ревизија на Црна Гора, Ана Крсмановиќ потпишаа Меморандум за соработка. На потпишувањето на Меморандумот за соработка присуствуваше членот на Советот, Зорица Божиновска – Лазаревска. Со меморандумот двете регулаторни тела се обврзаа да работат во насока на унапредување на ревизорската професија на двете земји земајќи ги позитивните искуства и другите практики како и во усогласувањето со европска регулатива и ажурирање на ревизорската стандарди кои остануваат најзначаен предизвик за ревизорската професија.

### *8.2 Репарис проект*

На 26 и 27 април 2018 година претседателот на Советот, Премтим Исени и вработен во Стручната служба на Советот, присуствуваа на работилница организирана од Центарот за реформи во финансиското известување на Светска Банка (CFRR, World Bank), која се одржува во Виена, Австрија. На работилницата се дискутираше за моменталниот тренд на ревизорската професија, унапредување на системот за контрола на квалитет, трендови и можности.

Во период од 26.11.2018 до 30.11.2018 година претседателот на Советот, Премтим Исени и вработен во стручната служба на Советот, присуствуваа на Министерска конференција која се одржа во Виена, Австрија. Конференцијата се одржа на 27.11.2018 година под покровителство на Австриското Претседателство на Советот на Европската Унија на тема: "Високо квалитетни финансиски извештаи како алатка за економска интеграција". Под мотото "Министерска конференција недела на настани 26-29 Ноември" беа одржани повеќе посебни тематски работилници Патот до Европа: Програма за сметководствени реформи и институционално зајакнување (ЕУ-РЕПАРИС (EU-REPARS)), Заедница за пракса на финансиска регулатива (ФРКОП (FRCOP)). Организатор на настанот беше Центарот на реформи во финансиското известување на Светска банка. Присуствуваа околу 250 делегати од високо ниво, вклучително и министри за финансии, финансиски регулаторни тела како и високи претставници од јавниот и приватниот сектор, претставници на професионалната и академската заедница, и експерти од клучни меѓународни и Европски институции. На Министерската конференција присуствуваше и министерот за финансии на Република Македонија, Д-р Драган Тевдовски. Конференцијата беше фокусирана на постигнување поголемата одговорност во јавниот и приватниот сектор со цел да се поддржи и продлабочи економската интеграција на ЕУ и нејзините непосредни соседи од Западен Балкан. На 26 Ноември се одржа ПУЛСАР СТАРЕП (PULSAR STAREP) и ЕУ - РЕПАРИС – Работилница за високи функционери (EU - REPARIS Senior Officials' Workshop), на која работилница присуствуваа претседатели на регулаторни тела и раководни лица одговорни за реформи во сметководството и ревизијата презентирајќи ги своите искуства и постигнатиот напредок. Исто така со учество на претседатели на регулаторни тела на 26 и 28 Ноември се одржа Извршна работилница на МСФИ за регулатори (Executive IFRS Workshop for Regulators), работилница на која беше ставен акцент на унапредувањето и развојот на регулаторните тела, беа презентирани разликите и спецификите на регулаторните тела со примери од ЕУ и Централна Азија. На 28 Ноември се одржа работилница СТАРЕП (STAREP) и ПУЛСАР ЕДУКОП (PULSAR EDUCOP) со претставници на универзитети, професионални сметководствени организации и регулатори инволвирани во сметководствените едукативни реформи, од аспект на меѓународни стандарди и добрите практики на финансиските извештаи во приватниот сектор. Заедничка работилница на тема СТАРЕП ААКОП, ПУЛСАР ФИНКОП и ЕУ РЕПАРИС ФРКОП (STAREP AACOP, PULSAR FINKOP и EU REPARIS FRCOP) се одржа на 28 Ноември на која присуствуваа практичари од сметководството, ревизијата и финансиското известување кои преку средби "лице во лице" ги презентираа своите искуства од влијанието на технологијата во финансиското известување. Исто така, заедничка работилница на тема ЕУ РЕПАРИС ФРКОП (EU REPARIS FRCOP) и СТАРЕП ААКОП (STAREP AACOP) се одржа на 29 Ноември на која присутните се фокусираа на системот на контрола на квалитет и процесот на вршење на истата, со акцент на досегашниот прогрес и резултатите од реформите постигнати од досегашното користење на ЕУ – РЕПАРИС и СТАРЕП (EU – REPARIS и STAREP), на земјите учесници на овие проекти.

### *8.3 Прва конференција на Советот*

На 12.12.2018 година, Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија одржа прва Конференција на тема "Надзорот на ревизорската професија во Република Македонија во контекст на современите предизвици", во Клубот на органите на државната управа во Скопје. Одржувањето на еднодневната Конференција беше по повод одбележувањето на 5–годишнината од издавањето на првите лиценци на овластени ревизори, друштва за ревизија и трговци - поединци од Советот, во функција на што беше и издавањето на првиот Билтен на Советот. Почесни гости на Конференцијата беа: Потпретседателот на Собранието на Република Македонија, Весел Мемеди, претседателот на Агенција за супервизија на осигурување, Климе Поповски, претседателот на Комисијата за хартии од вредност на РМ, Нора Алити директорот на Централен регистар на Република Македонија, Марија Бошковска Јанковски, директорот на Управата за финансиско разузнавање, Блажо Трендафилов, претставник од канцеларијата на Светска Банка, Бојан Шимбов поранешни членови на Советот, членови на управниот одбор на ИОРРМ. Учесници на Конференцијата беа претставници на правните лица кои вршат работи на ревизија, односно на лиценцираните друштва за ревизија и лиценцираните трговци поединци.

Конференцијата ја отвори и одржа воведен говор претседателот на Советот, Премтим Исени, кој ја нагласи улогата на Советот како независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија, како и остварувањето на целта на Советот да се зголеми довербата и транспарентноста во податоците и информациите искажани во финансиските извештаи на деловните ентитети. Притоа го истакна значењето на транспарентна и квалитетна ревизија, отворена за конструктивна критика која е од особено значење за инвеститорите, кредиторите, банкарите и за пошироката јавност. Драган Димитров, Претседателот на ИОРРМ го поздрави одржувањето на Конференцијата, а свој поздравен говор имаше и Фатмир Битиќи, посебен советник во Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Македонија, поранешен член на Советот. Конференцијата се одржуваше во две панел дискусии.

Првата панел дискусија беше на тема: "Законската регулатива во областа на ревизијата во контекст на новата ЕУ директива со посебен фокус на ентитети од јавен интерес. Модератор на панелот и претставник од Советот беше в.д. членот на Советот, Дарко Блажевски, претставници од ИОРРМ беа Вера Рафајловска и Срѓан Рангеловиќ и претставници од Министерството за финансии, Александра Димовска и Бобан Стојановски. Присутните панелисти споделија свои видувања за правните лица од јавен интерес, презентирајќи ги своите размислувања по однос на дефинирањето на правните лица од јавен интерес како во контекст на постојното законско решение, така и решението кое го наметнуваат тековните ЕУ уредби. Врз основа на сеопфатните дискусии учесниците на панелот и присутните се сложија со потребата внимателно да се пристапи кон дефинирањето на правните лица за јавен интерес во регулативата за ревизија имајќи во предвид дека претстои изработка на нов Закон за ревизија кој треба да биде усогласен со ЕУ регулативата од оваа област согласно преземена обврска во Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА). Се констатираше дека покрај

задолжителните категории на правните лица од јавен интерес кои ги предвидува ЕУ регулативата, потребно е да се дефинираат правни лица од јавен интерес при што ќе се појде од основните мотиви за нивното определување, а при тоа треба да се земат како критериуми значењето кое правните лица од јавен интерес го имаат за македонската економија, како и значењето кое го имаат за граѓаните на Република Македонија. Од друга страна, потребно е да се води сметка за бројноста и големината на правните лица од јавен интерес со оглед дека Законот за ревизија предвидува формирање на Одбор за ревизија како орган на управување во овие друштва, кој покрај придобивките, претставува и нова организациска и трошочна компонента. Во однос на начинот на кој треба да бидат дефинирани во Законот, покрај опцијата за таксативно набројување, се дискутираше дека може да биде и одредено тело кое ќе ги одредува и на редовна годишна основа ќе ја ажурира листата на правни лица од јавен интерес. Исто така, се заклучи дека покрај одредбите кои треба да бидат дел од Законот за ревизија потребно е да се усогласат и одредбите во Законот за трговски друштва. Со оглед на големото значење на правните лица од јавен интерес и реперкусиите од нивното дефинирање, се заклучи дека е потребна вклученост на заинтересираните страни во изготвувањето на нов Закон за ревизија.

Втората панел дискусија беше на тема: "Контролата на квалитет во функција на зголемена доверба на јавноста во квалитетот на ревизијата." Модератор на панелот и претставник на Советот беше в.д. членот на Советот, Илија Андовски и Анета Трајаноска, а претставници од ИОРРМ беа Бранка Стојановска, Драган Давитков и Гоце Христов. Врз основа на дискусијата на панелистите и учесниците во дискусијата од присутните се оцени дека за натамошно зајакнување на довербата на јавноста и усогласување со ЕУ законодавството во следниот период, Советот е исправен пред предизвик за премин на контролата на квалитет на ентитети од јавен интерес од ИОРРМ во Советот. Иако ова ќе биде подолг и комплексен процес кој ќе бара многу ресурси но на долг рок, оваа активност би требало да придонесе за подобрување на квалитетот на ревизиите во ентитетите од јавен интерес и со тоа и подобро информирање на сите заинтересирани стејкхолдери за нивната работа. Исто така, преминот на контролата на квалитет треба да биде среднорочна цел која бара човечки и финансиски ресурси. За таа цел, треба да се извршат измени во Законот за ревизија и во делот на финансирање на Советот со цел да се овозможат адекватни финансиски средства за извршување на оваа функција што е препорака и на "knowledge paper"-от на Центарот за реформи во финансиското известување (CFRR). Дополнително, градењето на кадровски капацитети е процес кој бара време, а контролорите кои ќе бидат вработени во Советот можат и треба да црпат драгоцени искуства од контролорите во ИОРРМ.

### *8.4 Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план*

Имајќи ги во вид Директивите за ревизија на Европската Унија, со кои се ограничува соработката на регулаторните органи, тела и институции на ревизијата од земјите членки на Европската Унија со други регулаторни органи, тела и институции на ревизијата на други т.е. трети земји кои не се членки на

Европската Унија, Советот покрена иницијатива пред Европската Комисија за добивање согласност за еквивалентност и адекватност во соработката. Со цел да добие согласност за соработка Советот во наредниот период ќе преговара со Европската Комисија заради интегрирање во европските регулаторни организации од областа на ревизијата.

Советот ќе ги продолжи отпочнатите активности за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизијата и очекува дека наскоро ќе се зачлени во ова организација на глобално ниво по што Советот постојано ќе биде во тек со најновите трендови во ревизијата на глобално ниво и нивно преточување во домашната професионална регулатива од областа на ревизијата и сметководството.

### *9. Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2018 година*

| Група | Расходна ставка | Опис | План на сметката 637 | Реализација на сметката 637 | План на сметката 787 | Реализација на сметката 787 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 401 | Основни плати | 3.066.000,00 | 2.853.562,00 | - | - |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.134.000,00 | 1.055.415,00 | - | - |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **4.200.000,00** | **3.908.977,00** | **-** | **-** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 0,00 | 0,00 | 400.000,00 | 321.767,00 |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0,00 | 0,00 | 850.000,00 | 849.124,00 |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 50.000,00 | 49.887,00 | 200.000,00 | 102.891,00 |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 26.000,00 | 26.000,00 | 100.000,00 | 0,00 |
| | 425 | Договорни услуги | 90.000,00 | 89.780,00 | 1.400.000,00 | 1.322.175,00 |
| | 426 | Други тековни расходи | 50.000,00 | 49.201,00 | 270.000,00 | 156.735,00[1] |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **216.000,00** | **214.868,00** | **3.220.000,00** | **2.752.692,00** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 0,00 | 0,00 | 50.000,00 | 0,00 |
| | 483 | Купување на мебел | 0,00 | 0,00 | 30.000,00 | 8.800,00 |
| **48** | | **Капитални расходи** | **0,00** | **0,00** | **80.000,00** | **8.800,00** |
| | | **ВКУПНО** | **4.416.000,00** | **4.123.845,00** | **3.300.000,00** | **2.761.492,00** |

Вкупните расходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија на Буџетската сметка 637 за 2018 година изнесуваат 4.123.845,00 денари, додека на сметката од самофинансирачки активности 787 расходите за 2018 година изнесуваат 2.761.492,00 денари.

[1] Постои разлика помеѓу реализираните средства и сумата во трезорската евиденција во Министерството за финансии, бидејќи од сметката 787, ставка 426, СУНРРМ користи материјалани средства. Неискористените средства, односно разликата се пренесува како готовина во 2019 година.

***Плати и надоместоци*** – Расходите за плати и надоместоци изнесуваат 3.908.977,00 денари, односно 94,79% од вкупните расходи на Буџетската сметка. Истите се однесуваат за исплата на плати за Претседателот на Советот и вработените во стручната служба.

***Стоки и услуги*** – Расходите за стоки и услуги од Буџетската сметка изнесуваат 214.868,00 денари, а од самофинансирачката сметка изнесуваат 2.752.692,00 денари. Расходите во рамките на оваа категорија се однесуваат на исплата на патни и дневни расходи за патувања на вработените во земјата и странство, комунални услуги за просторот со кој располага Советот, расходи за материјали и ситен инвентар, расходи за поправки и тековно одржување, расходи за договорни услуги и други тековни расходи.

***Капитални расходи*** – Капиталните расходи на самофинансирачката сметка изнесуваат 8.800,00 денари. Овие средства беа наменети за исплата на канцелариски мебел за опремување на просториите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| Број 01-99/1<br>29.03 2019 година<br>Скопје | Претседател на Советот,<br>Премтим Исени |